# Пријава на штета

**1) Пријава на штета:**

Пријавата на штета задолжително се врши преку контакт центарот на САВА осигурување а.д. Скопје на бесплатниот телефонски број 0800-80-000. Потрошувачот во контакт центарот има обврска да ги достави податоците од полисата за осигурување како и неговите адресни податоци.

**2) Постапување по пријавена штета**

САВА осигурување а.д. Скопје го контактира овластениот сервис за пријавената штета.
Овластениот сервис по добиена информација за случен осигурен настан го контактира потрошувачот и врши утврдување на дефектот на лице место или доколку уредот е доставен во овластениот сервис. Овластениот сервис има обврска да достави информација со САВА осигурување а.д. Скопје за утврдениот дефект. По одобрување на САВА осигурување а.д. Скопје овластениот сервис врши поправка на уредот во рамки на покритието на полисата за осигурување.

**3) Случаи на несоодветно пријавена штета**

Доколку потрошувачот пријави штета но при увидот од страна на овластениот сервис се констатира дека пријавената штета не подлежи на условите наведени во покритието на полисата или се работи за несоодветна инсталација или користење на уредот, потрошувачот има обврска на овластениот сервис да му ги надомести трошоците за транспорт и трошоците за дијагноза на уредот кој е предмет на осигурување. Висината на трошоците е утврдена согласно ценовник на овластениот сервис.